**Известување за концентрацијасо којаЛинамар Корпорејшн,Онтарио, Канада, ќе стекне контрола надДураАутомотивеСтрекчерс ДООЕЛ Илинден, Република Северна Македонија (предмет бр. 08-82/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација сокоја друштвото**Линамар Корпорејшн**, со седиште на 287 Спидвејл Авенју Вест, Гуелф, Онтарио, Канада, **има намера да стекне контрола** над **ДураАутомотивеСтрекчерс ДООЕЛ Илинден**, соадресаво ТИРЗ БУНАРЏИК бр.2/11 Бунарџик, Илинден,Република Северна Македонија, на бизнисотодносно на организиран дел од работењето на **ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с**., со деловна адреса на Регрова 495, 388 01 Блатна, Чешка и **Дус Оператинг Инц.**, со адреса на 1780 Понд Ран, Обрн Хилс, MI, 48326-2752, САД.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Линамар Корпорејшн**е канадски автомобилски снабдувач со седиште во Гуелф, Онтарио, Канада, кој котира на Берзата во Торонто (Toronto Stock Exchange). Линамар, заедно со неговите фирми-ќерки, произведува инженерски производи во Канада, Европа, Азија Пацифик, и остатокот од Северна Америка. Линамар се состои од два оперативни сегменти – Индистриски сегмент и сегмент Мобилност, и двата глобално активни во произведување решенија за високо инженерски производи.

Главниот обем на работа на **Дура АутомотивеСтрекчерс ДООЕЛ Илинден**се состои во развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за куќишта за батерии (battery enclosure systems) за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии (lightweight battery trays), модуларни куќишта за батерии (modular battery enclosures) и куќишта за батерии од повеќе материјали (multi-material battery enclosures). Дура АутомотивеСтрекчерс ДООЕЛ Илинден поседува производствен погон во Република Северна Македонија.

**ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с.,** е вклучена во развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за куќишта за батерии за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии, модуларни куќишта за батерии и куќишта за батерии од повеќе материјали. ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с, поседуваproизводственпогонвоЧешка.

Деловните активности на **Дус Оператинг Инц.,** се фокусирани на развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за батерии за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии, модуларни куќишта за батерии и куќишта за батерии од повеќе материјали. Дус Оператинг Инц., поседува производствен погон во Алабама, САД.

Според подносителите на известувањето, релевантениот пазар во Северна Македонија, би можеле да се дефинира како пазар за производство на куќишта за батерии за електрични возила во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**16.06.2023 година**
**Скопје**